**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр. 03-367**
**21.08. 2019 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а во врска со член 14 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.10-3588/1 од 17.07.2019 година, поради неисполнување на обврската за објавување на податоци согласно со член 14 од Законот за медиуми од страна на Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 30-та седница одржана на 19.08.2019 година согласно Заклучокот бр.02-3945/8 од 19.08.2019 година, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 14 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), а казнива по член 30 став 1 точка 3 и став 2 од истиот Закон, на начин што на програмскиот сервис на Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје емитуван на 3-ти јуни 2019 година, во емитуваните програми не ги објави податоците со кои: се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на аудиовизуелните содржини, за носителот на авторските права, за одговорниот уредник/уредниците на програмите, за потеклото и за датумот на продукција на аудиовизуелните дела, името на медиумот од каде што е преземена содржината итн., што радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис, и тоа:

- во емисијата Кажаа за бизнисот, емитувана во периодот од 06:40:51 до 06:47:45 часот, во Емисијата Бушави глави емитувана во периодите од 07:25:44 до 07:27:20 часот, од 08:18:54 до 08:21:31 часот, од 08:35:59 до 08:37:57 часот, од 09:12:07 до 09:13:37 часот, од 09:49:55 до 09:51:25 часот, од 13:44:01 до 13:45:58 часот, од 15:29:19 до 15:30:48 часот, од 15:59:12 до 16:00:49 часот, од 17:22:09 до 17:24:45 часот, од 22:26:45 часот, од 22:57:40 до 22:59:09 часот и во периодот од 23:19:56 до 23:21:26 часот, во емисијата Stand up Macedonija – Умри машки 1 – Ај контакт емитувана во периодот од 22:59:28 до 23:12:03 часот и во емисијата Синергија (самосвст на работното место), емитувана во периодот од 22:29:02 до 22:57:02 часот, ниту на најавна, ниту на одјавна шпица, не беа целосно објавени податоците за импресумот – име и презиме на новинарот – автор на објавениот прилог, име и презиме на другите лица со значаен ангажман во изработка на прилог (сниматeл, монтажер и сл.), што е спротивно на точка 6 од Упатството за исполнување на обврските за инмпресум и информации достапни за корисниците; и

- во документарната програма „Празникот на Света Троица, Педесетница" (програмата од туѓо производство), емитувана во периодот од 15:09:45 до 15:19:38 часот не се објавени податоците за импресумот, односно не е емитувана оригиналната одјавна шпица, што е спротивно на точка 10 од Упатството за исполнување на обврските за инмпресум и информации достапни за корисниците.

Повредата од став 1 од оваа точка, спецificирана е по наслов на емисија, период на емитувањето (почеток и крај) и опис на прекршувањето во Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.10-3588/1 од 17.07.2019 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје, во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), надлежна е да врши административен надзор на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со обврските од членовите 6, 8, 14 и 15 од Законот за медиуми.

Во согласност со член 29 став 2 од Законот за медиуми, мерките кои Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како надлежно регулаторно тело може да ги преземе, а кои се утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, соодветно се применуваат и во случај на повреда на одредбите од Законот за медиуми.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Според членот 14 од Законот за медиуми, издавачот на медиумот е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина да обезбеди објавување на податоците со кои: се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на аудиовизуелните содржини, за носителот на авторските права, за одговорниот уредник / уредниците на програмите, за потеклото и за датумот на продукција на аудиовизуелните дела, името на медиумот од каде што е преземена содржината итн., што радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Со Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година, е утврден начинот на постапување на радиодифузерите при извршувањето на обврските од член 14 од Законот за медиумите (Импресум) и член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Информации достапни за корисниците).

Согласно точка 6 потточка 1 од Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година, кај другите

програми од сопствено производство, импресумот се објавува така што: на најавната или одјавната шпица се објавуваат следниве податоци: името и презимето на одговорниот уредник на програмскиот сервис; името и презимето на одговорниот уредник на редакцијата од која произлегува програмата (доколку има); името и презимето на уредникот/авторот/водителот на емисијата; името и презимето на ко – авторите, односно севкупната телевизиска екипа со удел во целината на аудиовизуелното дело; називот на субјектот што ја произвел програмата (самиот радиодифузер, копродуцентите, независниот продуцент кому му била нарачана програмата); датум на продукцијата (месец и година). Кога емитува програми од туѓо производство, телевизијата треба да емитува оригинална шпица (точка 10 од Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците).

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рамките на своите законски надлежности, преку Секторот за програмски работи, на 17 јули 2019 година, изврши редовен административен надзор на програмскиот сервис на Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 3-ти јуни 2019 година, при што констатираше прекршување на член 14 од Законот за медиуми.

Имено, со надзорот е констатирано дека Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје, во рамките на својот програмски сервис на емитуван на 3-ти јуни 2019 година, во во емитуваните програми не ги објави податоците со кои: се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на аудиовизуелните содржини, за носителот на авторските права, за одговорниот уредник/уредниците на програмите, за потеклото и за датумот на продукција на аудиовизуелните дела, името на медиумот од каде што е преземена содржината итн., што радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис, и тоа: во емисијата Кажаа за биснисот, емитувана во периодот од 06:40:51 до 06:47:45 часот, во Емисијата Бушави глави емитувана во периодите од 07:25:44 до 07:27:20 часот, од 08:18:54 до 08:21:31 часот, од 08:35:59 до 08:37:57 часот, од 09:12:07 до 09:13:37 часот, од 09:49:55 до 09:51:25 часот, од 13:44:01 до 13:45:58 часот, од 15:29:19 до 15:30:48 часот, од 15:59:12 до 16:00:49 часот, од 17:22:09 до 17:24:45 часот, од 22:26:45 часот, од 22:57:40 до 22:59:09 часот и во периодот од 23:19:56 до 23:21:26 часот, во емисијата Stand up Macedonija – Умри машки 1 – Ај контакт емитувана во периодот од 22:59:28 до 23:12:03 часот и во емисијата Синергија (самосвст на работното место), емитувана во периодот од 22:29:02 до 22:57:02 часот, ниту на најавна, ниту на одјавна шпица, не беа целосно објавени податоците за импресумот – име и презиме на новинарот – автор на објавениот прилог, име и презиме на другите лица со значаен ангажман во изработка на прилог (сниматеп, монтажер и сл.), што е спротивно на точка 6 од Упатството за исполнување на обврските за инмпресум и информации достапни за корисниците и во документарната програма „Празникот на Света Троица, Педесетница“ (програмата од туѓо производство), емитувана во периодот од 15:09:45 до 15:19:38 часот не се објавени податоците за импресумот, односно не е емитувана оригиналната одјавна шпица, што е спротивно на точка 10 од Упатството за исполнување на обврските за инмпресум и информации достапни за корисниците.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по наслов на емисија, период на емитувањето (почеток и крај) и опис на прекршувањето во Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.10-3588/1 од 17.07.2019 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата до Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје на 19.07.2019 година, испрати Допис наш арх.бр.03-367 од 19.07.2019 година со кој му го достави Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.10-3588/1 од 17.07.2019 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од Законот за медиуми. Во предвидениот рок, Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје не се изјасни за стореното прекршување на одредбите од Законот за медиуми. Советот на Агенцијата на 30-та седница одржана на 19.08.2019 година, го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а во врска со член 14 и член 29 од Законот за медиуми, точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст), бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.10-3588/1 од 17.07.2019 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за медиуми, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 30-та седница одржана на 19.08.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-3945/8 од 19.08.2019 година донесе Решение со кое јавно се опоменува Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје, и му се наложува во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, Агенцијата ќе изврши контролен надзор, со цел да утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него издавачот на медиум (радиодифузерот) може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен административен надзор, бр. 10-3588/1 од 17.07.2019 година.

**Доставено до:**

- Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Примено / Pranuar: 17-07-2019

| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
|---|---|---|---|
| 10 | 3588 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** Редовен;

2. **Субјект на надзорот:** Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 3 јуни 2019 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 17 јули 2019 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 14 од Законот за медиуми** (Импресум);
   - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Информации достапни за корисниците);
   - **Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците** (Бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година);
   - **Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Идентификација на радиодифузер);

6. **Претходно изречена мерка:** Нема;

7. **Констатации од надзорот:**

   Со редовниот административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје, емитуван на 3 јуни 2019 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на член 14 од Законот за медиуми.**

   Во дел од програмите емитувани на 3 јуни 2019 година, не се објавени податоците со кои: се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на аудиовизуелните содржини, за носителот на авторските права, за одговорниот уредник / уредниците на програмите, за потеклото и за датумот на продукција на аудиовизуелните дела, името на медиумот од каде што е преземена содржината

итн., што радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Спротивно на точка 6 од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците, во емисиите „Кажаа за бизнисот", „Бушави глави", „Stand up Macedonia – Умри машки 1 – Ај контакт", ниту на најавна, ниту на одјавна шпица не се објавени податоците за импресумот - авторската, реализаторска екипа, податоците за уредништвото и за датумот на продукцијата. Во изданието на емисијата „Синергија" на одјавна шпица не се целосно објавени податоците за импресумот.

3.06.2019

| Наслов на емисија | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| Кажаа за бизнисот | 06:40:51 | 06:47:45 | Ниту на најавна, ниту на одјавна шпица не се објавени податоците за импресумот – за авторската, реализаторска екипа, податоците за уредништвото и за датумот на продукцијата. |
| Бушави глави | 07:25:44 | 07:27:20 | |
| Бушави глави | 08:18:54 | 08:21:31 | |
| Бушави глави | 08:35:59 | 08:37:57 | |
| Бушави глави | 09:12:07 | 09:13:37 | |
| Бушави глави | 09:49:55 | 09:51:25 | |
| Бушави глави | 13:44:01 | 13:45:58 | |
| Бушави глави | 15:29:19 | 15:30:48 | |
| Бушави глави | 15:59:12 | 16:00:49 | |
| Бушави глави | 17:22:09 | 17:24:45 | |
| Бушави глави | 22:26:45 | 22:28:43 | |
| Бушави глави | 22:57:40 | 22:59:09 | |
| Stand up Macedonia – Умри машки 1 – Ај контакт | 22:59:28 | 23:12:03 | |
| Бушави глави | 23:19:56 | 23:21:26 | |
| Синергија *(самосвест на работното место)* | 22:29:02 | 22:57:02 | Ниту на најавна, ниту на одјавна шпица, не се целосно објавени податоците за импресумот |

Спротивно на точка 10 од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците, во документарната програма "Празникот на Света Троица, Педесетница", не се објавени податоци за импресум, односно не е емитувана оригиналната шпица на програмата.

3.06.2019

| Наслов на емисијата | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| "Празникот на Света Троица, Педесетница" | 15:09:45 | 15:19:38 | Во програмата од туѓо производство не е емитувана оригиналната одјавна шпица |

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 14 од Законот за медиуми**, телевизискиот програмски сервис на Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје, во емитуваните програми на 3 јуни 2019 година, не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

**9. Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје, и во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми; и
- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***